КОНЗОРЦИУМ

EARS
Агенција за животна средина
(СЛОВЕНИЈА)

IHPS
Институт за хмељ и производство на пиво
(СЛОВЕНИЈА)

VITUKI
Институт за истражување и менаџмент на водите и заштита на животната средина
(УНГАРИЈА)

OMSZ
Метеоеролошка служба на Унгарија
(УНГАРИЈА)

ATIKOVIZIG
Управа за заштита на животната средина и менаџмент на водите по долниот тек на реката Тиса
(УНГАРИЈА)

ISSNP
Институт за педологија "Никола Пушкаров"
(БУГАРИЈА)

NIMH
Државен институт за метеорологија и хидрологија
(БУГАРИЈА)

Georama -
Регионална организација за развој
(ГРЦИЈА)

AUA
Земјоделски факултет во Атина
(ГРЦИЈА)

DHMZ
Државен хидрометеоролошки завод
(ХРВАТСКА)

UNSFA
Универзитет во Нов Сад, Земјоделски факултет, Оддел за менаџмент на води
(СРБИЈА)

RHMSS
Републички хидрометеоролошки завод
(СРБИЈА)

HI-M
Хидрометеоролошки завод на Црна Гора
(ЦРНА ГОРА)

HMS
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управа за хидрометеоролошки работи
(МАКЕДОНИЈА)

INEUM
Институт за енергија, води и животна средина
(АЛБАНИЈА)

Набљудувач

PWMC-PP
Воде Војводине – Јавно претпријатие за менаџмент на води
(СРБИЈА)

ЛИДЕР ПАРТНЕР

Environmental agency of Slovenia - EARS
Agencija Republike Slovenije za okolje

ДЕТАЛИ ЗА КОНТАКТ

Грегор Грегорич
Координатор на Проектот
Агенција за животна средина на Словенија
Метеоролошка служба
Војкова 1б,
1000 Љубљана
Словенија

Tel.: +386 1 478 40 65
Fax.: +386 1 478 40 54
E-mail: info@dmcsee.eu

URL: www.dmcsee.eu

Публикацијата ги отсликува само мислењата на авторот а органот кој управува со Програмата од Југоисточна Европа неможе да биде одговорен за било какво извршено искористување на информации содржани во неа.

SOUTH EAST EUROPE
Transnational Cooperation Programme

Проектот "DMCSEE" е кофинансиран од ЕУ преку Транснационалната програма за соработка за Југоисточна Европа

DMCSEE
Drought Management Centre for Southeastern Europe

Programme co-funded by the EUROPEAN UNION

Центар за управување со суша за Југоисточна Европа "DMCSEE"

Jointly for our common future

Во последниве децении сушата има големо влијание врз економијата на сите земји во регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ), како и врз животната средина и општеството во целина. Од почетокот на 80-тите години некои земји и региони во ЈИЕ беа погодени од повеќе тешки долготрајни суши, кулминирајќи во 1993, 1994, 1998 и 2003. Според најновиот извештај на Меѓувладиниот панел за климатски промени (IPCC), климатските проекции за ЈИЕ покажуваат намалување на врнежите во летниот период предизвикувајќи недостиг на вода. Овој проблем предизвикува дисбаланс на животната средина, економска и материјална штета што доведува до социјални пореметувања. Недостатокот на соработка помеѓу соседните земји како и недостастаток на интегриран пристап за следење на сушата, проценката и менаџментот е значаен проблем кој ги спречува земјите ефикасно да се справат со последиците од сушата.



Во изминатата деценија, се одржаа серија на состаноци и работилници на Европско и регионално ниво, изразувајќи ја потребата за формирање Центар за управување со суша за Југоисточна Европа (DMCSEE). Неколку меѓународни организации (Меѓународната комисија за наводнување и одводнување, Конвенцијата на ОН за борба против опустинување и Светската метеоролошка организација) учествуваа во оформувањето на предлогот за основање DMCSEE. Последниот предлог и барање за проектот DMCSEE беше подготвен од страна на конзорциум, составен од претставници на националните метеоролошки служби, академската заедница и министерствата одговорни за ублажување на влијанието од сушата и опустинувањето. Партнерството на проектот е засновано со цел - следење на сушата и влијанието на истата.

Проектот DMCSEE

Основната цел на DMCSEE TCP проектот е да се подобри подготвеноста за суша (со вршење на проценка на ризикот и создавање систем за рано предупредување) односно да помогне во намалувањето на нејзиното влијание.

Проектот ќе ја постигне оваа цел преку неколку специфични цели:

- Подготовка на регионално следење на сушата, анализа и продукти за рано предупредување; производите треба да бидат достапни во речиси реално време
- Проценка на ранливоста на регионот (главно во земјоделството) од влијанието на сушата; оваа информација треба да биде подготвена за да се вклучи кон системот за рано предупредување
- Промоција и подобрување на подготвеноста за суша во земјите-партнери преку организирање на обуки и национални семинари

Цели на Центарот (DMCSEE)

- Воспоставување на **систем за следење на суша** со употреба на досегашната пракса на климатски мониторинг и изработка на карти на: Стандардизиран индекс на врнежи (Standardized Precipitation Index-SPI), Палмеров индекс на суша (Palmer Drought Severity Index - PDSI) и Палфаи индекс на аридност (Palfai Aridity Index - PAI). Опертивно ќе се применува SPI за целиот регион со карти во реално време.

- Формирање на **веб страница** вклучувајќи веб **ГИС клиент** за размена на просторни информации и креирање на регионални карти.

- Усвојување и примена на заедничка методологија за **процена на ризикот од суша** (формирана од достапни метеоролошки податоци и климатолошки архиви). Влијанието ќе се анализира врз база на историски записи. **Картите за ризикот и ранливоста од суша** ќе се изготвуваат со примена на ГИС техники. Познавајќи ја ранливоста и ризикот, Центарот ќе биде во можност да ја подобри политиката во раководењето со суша.

- Организирање на обуки за **создавање на кадар** и организирање на национални семинари за крајните корисници. Изготвување на **прирачници за обука**.

- Центарот ќе остане да работи и после завршување на проектот. Со цел да се овозможи **постојана работа на Центарот**, ќе се подготви работен план за периодот после завршување на проектот, како и задачите и препораките за законскиот статус за постојан Центар за управување со суша за Југоисточна Европа (DMCSEE).